**Политика за заштита на животната средина на А1 Македонија ДООЕЛ Скопје**

Како компанија и како тим, А1 Македонија е посветена за интегрирање на одговорно управување со животната средина преку своите деловни активности и има за цел да имплементира и одржува соодветни системи за управување со животната средина.
Ние во А1 Македонија сме посветени кон исполнување на нашата мисија да ги управуваме сите ресурси во хармонија со нашата природна средина. Посветени сме да ја пресретнеме нашата корпоративна одговорност во однос на социјалниот, етичкиот и корпоративниот аспект преку активно промовирање на заштитата и одржувањето на здрава животна средина за иднината.
Посветени сме на тоа да ја зголемиме свесноста на нашата заедница за прашањата за животната средина со поддршка на соодветните вредности, знаења и вештини кои ќе ни овозможат да работиме кон реставрација и зачувување на животната средина.
Се стремиме постојано да го подобруваме работењето на А1 Македонија во насока на заштита на животната средина на постојано задоволство на нашите крајни корисници, вработени и акционери, сега и во иднина.

**Главни приоритети**

- Комуникација на политиката за животна средина на сите вработени на А1 Македонија, обезбедувајќи сите вработени да бидат запознаени со оваа политика и да имаат соодветни информации, обуки и поддршка.
- Целосна усогласеност со сите важечки закони и регулативи за заштита на животната средина и сите обврски кои со оваа политика ги уредува компанијата.
- Бараме начини да ја подобриме нашата енергетска ефикасност во сите области на нашето работење и да ги мериме, мониторираме и како крајна цел да го намалиме отпадот што го создаваме во нашето работење.
- Целиме кон тоа да ги намалиме, повторно употребиме и рециклираме материјалите секаде каде е можно тоа и се обидуваме да преземеме чекори да го намалиме загадувањето и да ги користиме нашите ресурси колку што е можно поефикасно.

За да ја исполни имплементацијата на овие приоритети, А1 Македонија ќе се води од следните **основни принципи за делување:**

1. **Усогласување** со сите важечки закони и регулативи за животна средина.
2. **Примена** на Политиката за заштита на животната средина на А1 Телеком Австрија Групацијата.
3. **Знаење и пристап** до ризиците по животната средина на оперативните објекти на редовна основа.
4. **Превенција** на појавата на таквите ризици и каде е можно предвидување на последиците од таквите појави.
5. **Целосна интеграција** на димензијата за животната средина во бизнис стратегијата на компанијата.

Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Плоштад Пресвета Богородица бр.1, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија, ЕМБС: 7068310, Тел: +389 2 3100077, Факс: +389 2 3110077, e-mail: info@A1.mk

6. **Осигурување** цело време компатибилност на финансискиот профит со заштитата на животната средина и во согласност со потребите од енергија преку иновации и еколошка ефикасност, и придонесувајќи кон одржлив и одговорен енергетски модел.
7. **Одговорно конзумирање,** со одржливо користење на ресурсите и зголемено консумирање од обновливи извори до најголем можен обем.
8. **Инкорпорирање** на димензијата за животна средина во процесот на донесување на одлуки за инвестирање и планирање и извршување на активности, промовирајќи ги и забелешките од анализите за оптимизација на трошоци.
9. **Воспоставување** на соодветен систем за управување со животна средина (EMS), врз основа на филозофијата на постојано подобрување, која помага за намалување на ризикот врз животната средина и вклучува:

   a) Строго придржување до законите, различни меѓународни обврски и интерни регулативи за прашања за животната средина кои се применуваат на активностите, процесите и услугите.

   b) Постојани напори за идентификување, пристап и намалување на негативните активности врз животната средина на сите активности, процеси и услуги на А1 Македонија.

   c) Обезбедување на информации и обука на вработените за ефектите на развојот на процесите и услугите на А1 Македонија за минимизирање на штетните ефекти по нивното здравје и по животната средина.

   d) Развој на планови и програми со цели и ажурирање на плановите за итно делување кои ќе овозможат намалување на ризиците, минимизирање на штетните ефекти врз животната средина и редовно мониторирање на прогресот и ефикасноста на преземените мерки, поттикнувајќи постојано подобрување на процесите и услугите на А1 Македонија.

   e) Извршување на мониторинг, мерење и доколку е потребно корективни активности.

   f) Извршување на интерна и екстерна ревизија.

9\. **Идентификување и инкорпорирање** на достапните технички подобрувања за производство на електрична енергија од гледна точка на техничко, финансиско, еколошко и социјално влијание.

10\. **Почитување** на природата, био-диверзитетот и историското и уметничко наследство во природното опкружување каде се лоцирани објектите на А1 Македонија.

11\. **Поттикнување** на истражувања и развој на нови технологии кои ќе помогнат да се адресираат климатските промени и другите предизвици во однос на животната средина со превентивен пристап и прогрес кон поодржлив енергетски модел.

12\. **Промовирање** на однесување кое е во согласност со принципите на оваа Политика за заштита на животната средина, нагласувајќи ги придобивките од истата.

13\. **Воспоставување** на конструктивен дијалог со владините агенции, регулаторни тела, невладини организации, акционери, корисници, локални заедници и други релевантни публики со цел:

   a) Меѓусебно разбирање на интересите и целите на секоја страна.

   b) Заедничка соработка за пронаоѓање на решенија за проблеми во однос на животната средина.

c) Придонес кон развојот на корисни јавна политика од гледна страна на животната средина која е ефикасна во економски услови.
d) Подигање на свесноста за значењето на преземање мерки за намалување на емисиите на гасови.

14. **Репортирање** транспарентно за резултатите од зашитата на животната средина и преземените акции, воспоставување на соодветни канали за добро на заедницата со сите засегнати публики и препознавање на достигнувањата и аспектите кои треба да се подобрат.
15. **Споделување** на здобиеното знаење со корисниците со цел да се подобри нивното однесување кон животната средина во однос на енергијата.

Оваа Политика за заштита на животната средина ќе биде прегледувана еднаш годишно од страна на Управниот одбор.

Скопје, октомври 2021

Извршен Директор

Методија Мирчев

Верзија 1.3

А1 Македонија сите права се задржани

Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Плоштад Пресвета Богородица бр.1, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија, ЕМБС: 7068310, Тел: +389 2 3100077, Факс: +389 2 3110077, e-mail: info@A1.mk